Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр.092631/51
30.08.2021 год.
Крива Паланка

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање на согласност на годишниот план за вработување за 2022 година на Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за давање на согласност на годишниот план за вработување за 2022 година на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 55-та седница, одржана на ден 30.08.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2631/52**
**31.08.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 14, став 1, точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10 и 8/2014, 02/2018 ,03/2019 и 08/21 ), а во врска со Одлуката на Совет на Општина Крива Паланка бр. 09-2150/11 од 19. 07. 2021 година за доделување на стипендии на ученици-спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта од Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден .08. 2021 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ И УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО ЕКИПНИ СПОРТОВИ КОИ УЧАТ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со овој правилник се одредуваат условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици-спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта од Република Северна Македонија како и правата и обврските на примателите на стипендии.

Со правилникот за условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за спортисти (во понатамошниот текст Правилник) се уредуваат видот и бројот на стипендии што ги доделува Општина Крива Паланка, објавувањето на конкурсот за доделување стипендии, начинот на пријавување на кандидатите за стипендии, условите за добивање на стипендии и други прашања поврзани со доделување на стипендии .

**ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

Член 2

За доделување на сите видови стипендии за спортисти одлучува Комисија за спроведување на постапката за доделување на стипендии формирана со Решение донесено од страна на градоначалникот на Општина Крива Паланка (во понатамошниот текст Комисија).

Стипендиите за ученици-спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и

средните училишта од Република Северна Македонија се доделуваат за поединечна учебна година, а врз основа на објавен конкурс.

Доделувањето на сите видови на стипендии уредени подолу е исклучиво право на Општината, кое зависи од можностите на Општината.

Стипендиите можат да бидат само целосни.

**ВИДОВИ И БРОЈ НА СТИПЕНДИИ**

Член 3

Општината доделува два вида стипендии и една посебна награда и тоа :

- четири стипендии на талентирани ученици – спортисти во индивидуални спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта од Република Северна Македонија
- четири стипендии на талентирани ученици – спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта од Република Северна Македонија
- една посебна нагарада за спортисти поединечно или екипно кои имаат освоени медали на светски првенства и кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта од Република Северна Македонија

**УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ**

Член 4

Право на доделување на стипендија имаат државјани на Република Северна Македонија, кои имаат статус на редовен ученик во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка или редовен ученик во средните училишта во Република Северна Македонија со следниве услови:

**1**. Да се жители на општина Крива Паланка;

**2**. Да се ученици во основните училиште на подрачјето на општина Крива Паланка или ученици во средните училишта во Република Северна Македонија

**3**. Да се активни спортистки и спортисти, членови на портски/училишни клубови регистрирани на подрачјето на општина Крива Паланка и да се регистрирани во националните спортски федерации во Република Северна Македонија;

**4**. Да имаат високи спортски постигнувања во претходната 2020 година и во 2021 година, се до завршување на јавниот повик.

Успех во образованието:

а) одличен успех со 5.00 20 бодови

б) одличен успех 15 бодови

б) многу добар успех 10 бодови

в) добар успех 5 бодови

Остварени резултати на спортистки и спортисти, класифицирани во следниве точки:

**А**. 80 Бодови за:

- Репрезентативци на РСМ, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на европски и балкански првенства;

- Репрезентативци на РСМ, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на европски и балкански првенства;

- Спортистки и спортисти кои на други официјални натпревари поставиле државни рекорди.

**Б**. 70 Бодови за:

- Репрезентативци на РСМ, спортистки и спортисти во индивидуални и екипни спортови кои со својот клуб го освоиле домашното првенство или купот на Република Северна Македонија со пласман до 3-то место на истите

**В**. 60 Бодови за:

- Репрезентативци на РСМ, спортистки и спортисти во индивидуални и екипни спортови кои не го освоиле домашното првенство или купот на Република Северна Македонија, но постигнале истакнати лични индивидуални резултати.

-Репрезентативци во Училишни и спортски игри во организација на Општина Крива Паланка и Училишниот спорт кои во индивидуални и екипни спортови постигнале резултати до 3-то место на истите.

Општина Крива Паланка ќе додели посебна награда за :

- Репрезентативци на РСМ, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на светски првенства каде што учествувале најмалку 30 земји и во поединечна категорија се натпреварувале најмалку 8 натпреварувачи со остварени најмалку две победи, и освоен пласман до 8-мо место на истите;

- Репрезентативци на РСМ, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на светски првенства и освоен пласман до 8-мо место на истите;

- Репрезентативци на РСМ, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на европски првенства каде што учествувале најмалку 15 земји и во поединечна категорија

се натпреварувале најмалку 8 натпреварувачи со остварени најмалку две победи, и освоен пласман до 5-то место на истите;

- Репрезентативци на РСМ, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на европски првенства и освоен пласман до 5-то место на истите

**5**.Со пријавата за стипендирање, апликантите се должни да ги приложат следните документи:

• копија од лична карта на родител/старател;

• копија од извод од матична книга на родени на апликантот;

•потврда од основното/средното училишта дека е редовен ученик во училиштето во учебната 2021/2022 година;

• копија од свидетелството за учебната 2020/2021 година;

• кратка биографија на апликантот;

• потврда од клубот дека е член на истиот;

• потврда од матичната национална федерација дека е член репрезентативец во својата генерација;

• потврда од матичната национална федерација за постигнатите спортски резултати од 01.01.2020 година, се до завршување на јавниот повик;

**6**.Доколку има повеке кандидати со ист број бодови, комисијата го задржува правото да побара и дополнителна потребна документација.Во случај на ист број на бодови, предност ќе има апликантот кој има освоено повеке бодови за успехот во образованието (просек на оцените во свидетелството за учебната 2020/2021 година).

Доколку се пријават помал број на апликанти во индивидуални односно екипни спортови комисијата го задржува правото да додели повеќе стипендии за ученици – спортисти во индивидуални спортови односно ученици спортисти во екипни спортови но не повеќе од вкупниот број 8 (осум) стипендии.

**7**.По доделувањето на стипендијата се склучува договор за стипендирање, со што се утврдуваат правата и обврските на корисникот и давателот на стипендијата.

**8**.Право на стипендија можат да остварат намногу до 2 стипендисти од ист спорт.

**9**.Во постапката за распоредување на буџетските средства за стипендирање на спортисти во учебната 2021/2022 година, ќе влезат во изборот оние апликанти кои врз основа на критериумите ќе обезбедат најмалку 50 бодови од можни вкупно 100 бодови.

**ОБЈАВУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ**

Член 5

Резултатите за кандидатите кои оствариле право на стипендија ќе бидат објавени на огласна табла во општина Крива Паланка и на веб страницата www.krivapalanka.gov.mk и истите ќе бидат соодветно известени за добивање на правото на стипендија.

**НАЧИН НА ИСПЛАТА НА СТИПЕНДИЈА**

Член 6

Стипендијата се исплатува за 9 (девет) месеци во годината (од 1- ви октомври до 30-ти јуни идната година) без месеците јули, август и септември.

Стипендијата се исплатува на трансакциска сметка на корисникот на стипендија.

Член 7

Корисникот на стипендија го губи правото на стипендија ако:

- не ја заврши годината на школување
- не запише година на школување
- ја заврши годината на школување со успех помал од тој при аплицирањето
- двапати во текот на една учебна година му биде изречена педагошка мерка

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 8

Со стапување во сила на овој правилник престанува да важи правилникот со бр.09-2369/43 од 25.08.2020 година

Член 9

Овој правилникот стапува на сила со денот на неговото донесување.

**Бр. 09-2631/53**
**30. 08. 2021 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Правилник за условите ,критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта од Република Северна**

1. Се објавува Правилник за условите ,критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта од Република Северна , што Советот ја донесе на 55-та седница, одржана на ден 30.08.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2631/54**
**31.08.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/2014,

02/2018, 03/2019 и 08/2021), а во врска со член 40 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) и заклучокот по точка 90 - „Информација за инклузија на деца роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца роми што се во социјален ризик“ од Извадокот од нацрт записникот од 94 седница на Владата на Р.С. Македонија одржана на 04.08.2021 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.08.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за ослободување од партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во ОУЈДГ „Детелинка“ - Крива Паланка за учебната 2021/2022 година**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се врши ослободување од партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во ОУЈДГ „Детелинка“ - Крива Паланка на 15 (петнаесет) деца Роми што се во социјален ризик (чии што семејства се корисници на ГМП) на возраст од 3-6 години за учебната 2021/2022 година.
(2) Средствата за покривање на Партиципацијата од ставот (1) на овој член ке се обезбедат во Буџетот на општина Крива Паланка, преку блок дотацијата од Министерството за труд и социјална политика наменета за ОЈУДГ „Детелинка“ - Крива Паланка за 2022 година.

**Член 2**

(1) Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Крива Паланка”.

**Број 09-2631/55** | **Совет на Општина Крива Паланка**
**30.08.2021 година** | **Претседател**
**Крива Паланка** | **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за ослободување од партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во ОУЈДГ „Детелинка“ - Крива Паланка за учебната 2021/2022 година**

1. Се објавува Одлука за ослободување од партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во ОУЈДГ „Детелинка“ - Крива Паланка за учебната 2021/2022 година, што Советот ја донесе на 55-та седница, одржана на ден 30.08.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2631/56**
**31.08.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 14 точка 12 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на

Општина Крива Паланка“бр.08/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019 и 08/2021) Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден --.08.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање согласност за имплементирање и кофинансирање на Проект „Цело е кога има се“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за имплементирање и кофинансирање на Проектот „Цело е кога има се“ на подрачјето на Општина Крива Паланка кој е произлезен од програмата на „Општинско корисна работа 2021“ финансиски подржан од УНДП, а ќе се спроведува во ОЈУДГ „Детелинка “ и на територија на општина Крива Паланка.

**Член 2**

Средствата за имплементација на Проектот „Цело е кога има се “ ќе бидат обезбедени од Програмата за развој на Обединетите Нации- УНДП , а Општина Крива Паланка се обврзува да учествува со сопствени финансиски средства во висина од 200.000,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр. 09-2631/57**
**30.08.2021 год**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност за имплементирање и кофинансирање на Проект,,Цело е кога има се ‘’**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за имплементирање и кофинансирање на Проект,,Цело е кога има се ‘’, што Советот ја донесе на 55-та седница, одржана на ден 30.08.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2631/58**
**31.08.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член14, став1, т.41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на

Општина Крива Паланка“ бр.08/2010,8/14,02/18,03/19 и 08/21 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.08.2021 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**за давање на приоритет за реализација на проект преку програма на Биро за регионален развој за проектот „Изградба на локален пат Крива Паланка-с.Кошари-с.Бс“, општина Крива Паланка**

Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет за реализација на проект со користење на средства од Програмата за финансирање на проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност преку Министерството за локална самоуправа -Биро за регионален развој, а согласно Одлуката за избор на проекти за финансирање бр.02-1551/2 од 03.08.2021 год., за проектот **„Изградба на локален пат Крива Паланка-с.Кошари-с.Бс**“, општина Крива Паланка.

Член 2

За реализација на проектот: **„Изградба на локален пат Крива Паланка-с.Кошари-с.Бс**,**1-ва фаза во должина од 2 км**, општина Крива Паланка е согласна со средства од Буџетот да ја финансира разликата меѓу вредноста која ќе биде постигната на јавната набавка и одобрените средства од Бирото за регионален развој.(9.500.000 денари).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2631/59** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.08.2021 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање на приоритет за реализација на проект преку програма на Биро за регионален развој за проектот „Изградба на локален пат Крива Паланка-с.Кошари-с.Бс“, општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за давање на приоритет за реализација на проект преку програма на Биро за регионален развој за проектот „Изградба на локален пат Крива Паланка-с.Кошари-с.Бс“, општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 55-та седница, одржана на ден 30.08.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2631/60**
**31.08.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член14, став1, т.41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010,8/14,02/18,03/19 и 08/21 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.08.2021 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**За давање на приоритет за користење на средства од Министерството за транспорт и врски преку кредит од Светска Банка за поврзување на локални патишта за проектот „Пристапен пат кон нови градски гробишта“ –Општина Крива Паланка**

Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет за реализација на проект со користење на средства од Министерството за транспорт и врски преку кредит од Светска Банка за поврзување на локални патишта за проектот „**Пристапен пат кон нови градски гробишта**“ –општина Крива Паланка

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2631/61** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.08.2021 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање на приоритет за користење на средства од Министерството за транспорт и врски преку кредит од Светска Банка за поврзување на локални патишта за проектот „Пристапен пат кон нови градски гробишта“ –Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за давање на приоритет за користење на средства од Министерството за транспорт и врски преку кредит од Светска Банка за поврзување на локални патишта за проектот „Пристапен пат кон нови градски гробишта“ –Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 55-та седница, одржана на ден 30.08.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2631/62**
**31.08.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член14, став1, т.41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на

Општина Крива Паланка“ бр.08/2010,8/14,02/18,03/19 ин 08/21 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.08.2021 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**За давање на приоритет за реализација на проекти со користење на средства од Владата на РСМ и тоа :**

**„Изградба на улица Вршачка во Долно Грамаѓе, во општина Крива Паланка“**

**„Изградба на локален пат Мезовски Ливади-крак 2 и 4 во општина Крива Паланка“**

**„Реконструкција на локален пат во с. Конопница м.в. Чивлк во општина Крива Паланка“**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава приоритет за реализација на проекти со користење на средства од Владата на РСМ, согласно Одлука за пренамена на средства од Договор за концесија склучен со ТАВ, и тоа:

**-„Изградба на улица Вршачка во Долно Грамаѓе, во општина Крива Паланка“**

**-„Изградба на локален пат Мезовски Ливади-крак 2 и 4 во општина Крива Паланка“**

**-„Реконструкција на локален пат во с. Конопница м.в. Чивлк во општина Крива Паланка“.**

Член 2

Доколку трошоците за реализација на горенаведените проекти изнесуваат повеќе од средствата доделени од Владата на РСМ, општина Крива Паланка е согласна со средства од Буџетот да ја финансира разликата.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2631/63** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.08.2021 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање на приоритет за реализација на проекти со користење на средства од Владата на РСМ и тоа :**

**„Изградба на улица Вршачка во Долно Грамаѓе, во општина Крива Паланка“**
**„Изградба на локален пат Мезовски Ливади-крак 2 и 4 во општина Крива Паланка“**
**„Реконструкција на локален пат во с. Конопница м.в. Чивлк во општина Крива Паланка“**

1. Се објавува Одлука за давање на приоритет за реализација на проекти со користење на средства од Владата на РСМ и тоа :

„Изградба на улица Вршачка во Долно Грамаѓе, во општина Крива Паланка“ „Изградба на локален пат Мезовски Ливади-крак 2 и 4 во општина Крива Паланка“ „Реконструкција на локален пат во с. Конопница м.в. Чивлк во општина Крива Паланка“ , што Советот ја донесе на 55-та седница, одржана на ден 30.08.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2631/64**
**31.08.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22. ст.1 т.2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002г.) и член 14 т.41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014, 02/2018 ,03/2019 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 30.08.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За предавање на новоизградени инфраструктурни канализациони објекти на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Крива Паланка го предава на ЈП „Комуналец“ -Крива Паланка на користење и стопанисување новоизградениот линиски инфраструктурен објект **,,Канализација во населба Осичка Маала“ (локалитет Бурови Бавчи) и „Канализација секундарна линија крак1 –Бојанов дол“**

**Член 2**

ЈП „Комуналец“ ќе ги користи, стопанисува, управува и одржува ново изградените канализациони системи.

**Член 3**

Општина Крива Паланка предава по еден примерок од техничката документација за изградениот објект (Основен проект со ревизија, Одобрение за градба, Извештај од извршен технички преглед со констатација дека објектот може да се пушти во употреба) на ЈП Комуналец –Крива Паланка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2631/65** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.08.2021 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за предавање на новоизградени инфраструктурни канализациони објекти на ЈП Комуналец –Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за предавање на новоизградени инфраструктурни канализациони објекти на ЈП Комуналец –Крива Паланка, што Советот ја донесе на 55-та седница, одржана на ден 30.08.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2631/66**
**31.08.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 47 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“, бр.32/2020), член 131 од Законот за водите и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Службен гласник на општината Крива Паланка“ бр.8/10, 08/14, 02/18, 3/19 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на 30.08 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците**

**во Општина Крива Паланка опфатени со урбанистички планови**

Член 1

Со оваа Предлог одлука се определува ширина на крајбрежниот појас на водотеците во Општина Криав Паланка опфатени со урбанистички планови, а заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците.

Член 2

Ширината на крајбрежниот појас на водотеците во Општина Крива Паланка опфатени со урбанистички планови од крајна линија на регулација на речното корито ќе изннесува:

I. За бреговите на сите останати водотеци во Општина Крива Паланка ќе изнесува 5,00 метри и тоа за следниве порои:

- Порој „Абазовци“ во с.Конопница.

Член 3

Постојните објекти кои се изградени на помало растојание од горенаведените остануваат и понатаму да функционираат.

Член 4

Во колку се јави неопходна потреба од изградба на нов објект на помало растојание од горенаведените, истата би можело да се предвиди со претходно добиена согласност од органот надлежен за управување со води.

Член 5

Одлуката ќе се применува при донесување, изменување и дополнување на одлуки за донесување на урбанистички планови.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во ,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2631/67**
**30.08.2021 год.**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците во Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците во Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 55-та седница, одржана на ден 30.08.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2631/68**
**31.08.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“, бр.32/2020) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Службен гласник на општината Крива Паланка“ бр.8/10, 08/14, 02/18, 3/19 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за именување на членови на Партиципативното тело**

**за Урбанистичко планирање на Општина Крива Паланка**

СЕ ИМЕНУВААТ членови на Партиципативното тело за Урбанистичко планирање на Општина Крива Паланка и тоа:

1. Претставници од Комисијата за Урбанизам:

 -Маја Костадиновска-дипл.инж.арх. ,

 -Иван Велиновски-дипл.инж.арх. ,

 -Добривој Николовски-дипл.инж.арх.

2. Претставници од општинска администрација:

 -Никола Граматиков-дипл.град.инж. ,

 -Кире Велески-дипл.инж.арх.

3. Претставник од правното лице што го изработува Урбанистичкиот план-проект : (Тие ќе ротираат спрема потребата)

4. Преставник од невладини организации:

 -Димитар Петровски

5. Преставник од здрженија на граѓани и граѓански активисти:

 -Александар Величковски

6. Преставници од ураните и месни заедници:

-Грозде Бошковски ,

-Гоце Вучковски

7. Претставник од Месната заедница за која се изработува Урбанистичкиот план-проект : (Тие ќе ротираат спрема потребата)

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во ,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2631/69**
**30.08.2021 год.**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за именување на членови на Партиципативно тело за Урбанистичко планирање на Општина Општина**

1. Се објавува Одлука за именување на членови на Партиципативно тело за Урбанистичко планирање на Општина Општина, што Советот ја донесе на 55-та седница, одржана на ден 30.08.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2631/70**
**31.08.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

До Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура-Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина во Општина Крива Паланка, доставено е барање за Одобрение за градба на објект за сервисни услуги со

намена Г3-сервиси со катност Су+Пр+1 на адреса ул.„Индустриска“ бр.1 во Крива Паланка на КП6750/1 в.м„Грамаѓе“ КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка, заведено под бр.уп29-46/1 од 22.01.2021 година, поднесено од страна на ДТИАВ „Центар за возила Крива Паланка“-Крива Паланка со адреса ул.„Индустриска“ бр.1 од Крива Паланка, Општина Крива Паланка.

Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина издаде Одобрение за градба на објект за сервисни услуги со намена Г3-сервиси со катност Су+Пр+1 на адреса ул.„Индустриска“ бр.1 во Крива Паланка на КП6750/1 в.м„Грамаѓе“ КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка, објект од Втора категорија, заведено од бр. уп29-46 од 05.03.2021 година на ден 08.03.2021 година, согласно ДУП- „Грамаѓе-Конопница“ за Крива Паланка донесен со Одлука број 08-3775/1 од 17.01.1989 година со АУП тех.бр.1604-04 од 2016 година.

Се повикуваат лицата Митовска-Станковска А. Лидија со адреса ул.„П.Чајковски“ бр.12 од Скопје и Здравковска Александар Марија со адреса ул.„И.Л.Рибар“ бр.149/4/11 од Скопје како непосредни соседи, се известува за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од објавата да дојдат во просториите на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина да изврши увид во предметот.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

Општина Крива Паланка

Одделение за урбанизам, сообраќај

и заштита на животна средина

## С О Д Р Ж И Н А


| Ред.бр. | | страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Извештај за работа на ООУ Јоаким Крчовски – Крива Паланка за 2020-2021 година........................................................................ | 1 |

2. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за работа на ООУ Јоаким Крчовски –Крива Паланка за 2020-2021 година................. 2

3. Одлука за усвојување на Програма за работа на ООУ Јоаким Крчовски – Крива Паланка за 2020-2021 година............................................................. 3

4. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ООУ Јоаким Крчовски –Крива Паланка за 2020-2021 година.................. 4

5. Одлука за усвојување на Извештај за работа на ООУ Илинден –Крива Паланка за 2020-2021 година........................................................................ 5

6. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за работа на ООУ Илинден –Крива Паланка за 2020-2021 година.............................. 6

7. Одлука за усвојување на Програма за работа на ООУ Илинден –Крива Паланка за 2020-2021 година......................................................................... 7

8. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ООУ Илинден –Крива Паланка за 2020-2021 година.............................. 8

9. Мислење за изведување на ученички ескурзии и други слободни активности за учениците од III,IV и IX одделение од ООУ Илинден –Крива Паланка........................................................................................... 9

10. Заклучок за објавување на Мислење за изведување на ученички ескурзии и други слободни активности за учениците од III,IV И IX одделение од ООУ Илинден –Крива Паланка......................................................................... 10

11. Одлука за усвојување на Извештај за работа на ОУД Боро Менков –Крива Паланка за 2020-2021 година.................................................................. 11

12. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за работа на ОУД Боро Менков –Крива Паланка за 2020-2021 година........................ 12

13. Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУД Боро Менков –Крива Паланка за 2020-2021 година................................................................ 13

14. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУД Боро Менков –Крива Паланка за 2020-2021 година...................... 14

15. Одлука за давање во трајна сопственост на отстапен одземен предмет на ОУД Боро Менков –Крива Паланка......................................................... 15

16. Заклучок за објавување на Одлука за давање во трајна сопственост на отстапен одземен предмет на ОУД Боро Менков –Крива Паланка................ 16

17. Одлука за усвојување на Извештај за работа на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка за 2020-2021 година................................................................... 17

18. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за работа на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка за 2020-2021 година........................ 18

19. Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка за 2020-2021 година................................................................ 19

20. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка за 2020-2021 година..................... 20

.21 Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2022 година на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка ............................................. 21

22. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2022 година на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка 22

23. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на работното време на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка ........................................... 23

24. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на работното време на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка...... 24

25. Одлука за давање согласностна Одлуката за зголемен број на деца на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка .......................................................... 25

26. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласностна Одлуката за зголемен број на деца на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка..................... 26

27. Одлука за давање согласност на Одлуката за намален број на деца на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка............................................................ 27

28. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласностна Одлуката за намален број на деца на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка.................. 28

29. Одлука за давање согласност на Одлуката за запишување на деца од 6-10 годишна возраст во ОУЈДГ Детелинка ...................................................... 29

30. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за запишување на деца од 6-10 годишна возраст во ОУЈДГ Детелинка.......... 30

31. Одлука за одобрување на финансиски придонес за спроведување на проектот Надградба,реконструкција и адаптација на детска градинка во Крива Паланка............................................................................................ 31

32. Заклучок за објавување на Одлука за одобрување на финансиски придонес за спроведување на проектот Надградба,реконструкција и адаптација на детска градинка во Крива Паланка..................................... 32

33. Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2022 година за 2022 година на ЛУ Градски музеј ............................................. 33

34. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2022 година за 2022 година на ЛУ Градски музеј 34

35. Одлука за давање согласност на барањето за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2021-2022 година за СОУ Ѓорче Петров............................................................................................ 35

36. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на барањето за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2021-2022 година за СОУ Ѓорче Петров............................................................... 37

37. Одлука за усвојување на Извештај за работа на ООУ Ѓорче Петров –Крива Паланка за 2020-2021 година.................................................................... 38

38. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за работа на ООУ Ѓорче Петров –Крива Паланка за 2020-2021 година...................... 39

39. Одлука за усвојување на Програма за работа на ООУ Ѓорче Петров –Крива Паланка за 2020-2021 година........................................................ 40

40. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ООУ Ѓорче Петров –Крива Паланка за 2020-2021 година...................... 41

39. Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2022 година на ЈП Комуналец-Крива Паланка...................................................... 42

| | | |
|---|---|---|
| 40. | Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2022 година на ЈП Комуналец-Крива Паланка...... | 43 |
| 41. | Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за примање во сопственост и владение на водоводен систем во с.Конопница маала Трнци.......................................................................................... | 44 |
| 42. | Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за примање во сопственост и владение на водоводен систем во с.Конопница маала Трнци......................................................... | 45 |
| 43. | Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за купопродажба на недвижен имот –земјиште на К.П бр.2311 м.в РИД –култура ,ливада во површина од 996 м2.................................................. | 46 |
| 44. | Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за купопродажба на недвижен имот –земјиште на К.П бр.2311 м.в РИД –култура ,ливада во површина од 996 м2....................... | 47 |
| 45. | Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за утврдување на надоместокот за извршен приклучок на водоводна мрежа во с.Луке......................................................................................... | 48 |
| 46. | Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за утврдување на надоместокот за извршен приклучок на водоводна мрежа во с.Луке...................................................................... | 49 |
| 47. | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2022 година на Општина Крива Паланка............................................................ | 50 |
| 48. | Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2022 година на Општина Крива Паланка................ | 51 |
| 49. | Правилник за условите ,критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училишта од Република Северна Македонија.................................................................. | 52 |
| 50. | Заклучок за објавување на Правилник за условите ,критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училишта од Република Северна Македонија............................ | 58 |

| | | |
|---|---|---|
| 51. | Одлука за ослободување од партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца роми во ОУЈДГ Детелинка – Крива Паланка........................................................................................ | 59 |
| 52. | Заклучок за објавување на Одлука за ослободување од партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца роми во ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка............................................. | 60 |
| 53. | Одлука за давање согласност за имплементирање и кофинансирање на Проект Цело е кога има се........................................................................ | 61 |
| 54. | Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност за имплементирање и кофинансирање на Проект Цело е кога има се | 62 |
| 55. | Одлука за давање на приоритет за реализација на проект преку програма на Биро за регионален развој за проектот „Изградба на локален пат Крива Паланка-с.Кошари-с.Бс“, општина Крива Паланка.................................... | 63 |
| 56. | Заклучок за објавување на Одлука за давање на приоритет за реализација на проект преку програма на Биро за регионален развој за проектот „Изградба на локален пат Крива Паланка-с.Кошари-с.Бс“, општина Крива Паланка........................................................................ | 64 |
| 57. | Одлука За давање на приоритет за користење на средства од Министерството за транспорт и врски преку кредит од Светска Банка за поврзување на локални патишта за проектот „Пристапен пат кон нови градски гробишта“ –Општина Крива Паланка.......................................... | 65 |
| 58. | Заклучок за објавување на Одлука За давање на приоритет за користење на средства од Министерството за транспорт и врски преку кредит од Светска Банка за поврзување на локални патишта за проектот „Пристапен пат кон нови градски гробишта“ –Општина Крива Паланка..... | 66 |
| 59. | Одлука За давање на приоритет за реализација на проекти со користење на средства од Владата на РСМ и тоа : „Изградба на улица Вршачка во Долно Грамаѓе, во општина Крива Паланка“ „Изградба на локален пат Мезовски Ливади-крак 2 и 4 во општина Крива Паланка“ „Реконструкција на локален пат во с. Конопница м.в. Чивлк во општина Крива Паланка“.................................................................. | 67 |
| 60. | Заклучок за објавување на Одлука За давање на приоритет за реализација на проекти со користење на средства од Владата на РСМ и тоа : „Изградба на улица Вршачка во Долно Грамаѓе, во општина Крива Паланка“ „Изградба на локален пат Мезовски Ливади-крак 2 и 4 во општина Крива Паланка“ „Реконструкција на локален пат во с. Конопница м.в. Чивлк во општина Крива Паланка.................................. | 68 |

| | | |
|---|---|---|
| 61. | Одлука за предавање на новоизградени инфраструктурни канализациони објекти на ЈП Комуналец –Крива Паланка............................................... | 70 |
| 62. | Заклучок за објавување на Одлука за предавање на новоизградени инфраструктурни канализациони објекти на ЈП Комуналец –Крива Паланка........................................................................................... | 71 |
| 63. | Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците во Општина Крива Паланка опфатени со урбанистичките планови ......... | 72 |
| 64. | Заклучок за објавување на Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците во Општина Крива Паланка опфатени со урбанистичките планови....................................................................... | 74 |
| 65. | Одлука за именување на членови на Партиципативното тело за Урбанистичко планирање на Општина Крива Паланка............................. | 75 |
| 66. | Заклучок за објавување на Одлука за именување на членови на Партиципативното тело за Урбанистичко планирање на Општина Крива Паланка.............................................................................................. | 77 |
| 67. | Јавна објава | 78 |